# П Р Е Д Л О Г

# НА
# Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност

## Член 1

Во Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), во членот 9, ставот (2) се менува и гласи:

"(2) Издавањето на хартии од вредност на примарниот пазар се врши по пат на јавна понуда и по пат на приватна понуда."

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

"(3)Продажбата на сопствените акции се врши по пат на јавна понуда, освен ако со овој закон поинаку не е уредено. "

## Член 2

Во членот 25, ставот (2) се менува и гласи:

"(2) Секоја понуда за продажба на сопствените акции ќе се смета за јавна понуда, освен во случајот од член 26 од овој закон. "

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

**"**(3)Сопствените акции не смеат да се продаваат под нивната номинална вредност."

Ставот (3) станува став (4).

## Член 3

Во членот 27, ставот (6) се менува и гласи:

"(6) Постапката за реализација на приватна понуда согласно со овој закон се применува и во случаите кога се врши зголемување на основната главнина од средствата на друштвото во форма на нови акции и кога се врши условно зголемување на основната главнина, без разлика колкав е бројот на акционери кои стекнуваат нови акции."

## Член 4

Во членот 36, ставот (1) се менува и гласи:

“(1) Член на одбор на директори или надзорен и управен одбор на депозитар, може да биде лице со високо образование и со искуство од најмалку три години во областа на финансиите или деловното право, а не смее да биде лице:

а)кое е осудено за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци или со парична казна се додека траат правните последици од осудата и

б) на кое му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, додека трае мерката.”

## Член 5

По членот 43 се додава нов наслов и нов член 43-а кои гласат:

**“Упис на депозитарот во Централен регистар**

Член 43-а

(1)Депозитар стекнува својство на правно лице со уписот во трговскиот регистар што се води кај Централниот регистар.

(2)Депозитарот е должен во рок од пет работни дена од денот на уписот на основањето и од денот на уписот на измените во трговскиот регистар да достави до Комисијата податоци кои се однесуваат на уписот.”

## Член 6

Во членот 47, ставот (3) се менува и гласи:

“(3) Комисијата дава согласност за именување на директор во рок од 60 календарски дена од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член, освен во случаите кога ќе утврди дека:

а) предложениот кандидат е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци или со парична казна се додека траат правните последици од осудата;

б) на предложениот кандидат му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

в) нема дозвола за работа со хартии од вредност издадена од Комисијата;

г) дал лажна информација во документите кои се поднесуваат согласно со ставот (2) на овој член.“

**Член 7**

Во членот 74, ставот (3) се брише.

**Член 8**

Во членот 77, ставот (1) се менува и гласи:

“(1) Член на одборот на директори или надзорниот одбор и управниот одбор на берзата, може да биде лице со високо образование и со искуство од најмалку три години во областа на финансиите или деловното право, а не смее да биде лице:

а) кое е осудено за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци или со парична казна се додека траат правните последици од осудата и

б) на кое му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, додека трае мерката.”

**Член 9**

По членот 86 се додава нов наслов и нов член 86-а кои гласат:

**“Упис на берзата во Централен регистар**

Член 86-а

(1) Берзата стекнува својство на правно лице со уписот во трговскиот регистар што се води кај Централниот регистар.

(2) Берзата е должна во рок од пет работни дена од денот на уписот на основањето и од денот на уписот на измените во трговскиот регистар да достави до Комисијата податоци кои се однесуваат на уписот.“

## Член 10

Во членот 89, ставот (3) се менува и гласи:

“(3)Комисијата дава согласност за именување на директор во рок од 60 календарски дена од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член, освен во случаи кога утврдува дека:

а) предложениот кандидат е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци или со парична казна се додека траат правните последици од осудата;

б) на предложениот кандидат му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, додека трае мерката;

в) нема дозвола за работа со хартии од вредност издадена од Комисијата;

г) дал лажна информација во документите кои се поднесуваат согласно со ставот (2) на овој член.“

## Член 11

Во членот 101, ставот (3) се менува и гласи:

“(3) Комисијата дава согласност за именување на директор во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (2) на овој член, освен во случаите кога ќе утврди дека:

а) предложениот кандидат е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци или со парична казна се додека траат правните последици од осудата;

б) на предложениот кандидат му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, додека трае мерката;

в) дал лажна информација во документите кои се поднесуваат согласно со ставот (2) од овој член.”

## Член 12

Во членот 112, по ставот(3) се додава нов став (4) кој гласи:

“Брокерот не треба да биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци или со парична казна се додека траат правните последици од осудата.“

Ставот (6) станува став (5).

## Член 13

Во членот 158, во насловот на членот зборот “соопштенија“ се заменува со зборот “извештаи“.

Ставот (1) се менува и гласи:

“(1)Акционерското друштво е должно до Комисијата да доставува тековни извештаи подготвени од страна на извршните членови на одборот на директори или управниот одбор за настанување на било каква ценовно чувствителна информација во согласност со ставот (4) на овој член како и други посебни тековни извештаи за работењето на друштвото или за некои посебни аспекти на неговото работење.“

Во ставот (2) зборот “извештаите“ се заменува со зборовите “Посебните тековни извештаи“.

Ставот (3) се менува и гласи:

“(3)Доколку акционерското друштво располага со ценовно чувствителни информации кои не се објавени во јавноста, истото има обврска веднаш, но не подоцна од три работни дена, да ги достави до Комисијата и да објави јавно соопштение (во натамошниот текст: тековен извештај) најмалку во еден дневен весник во Република Македонија. Доставените ценовно чувствителни информации Комисијата ги објавува на нејзината веб страница.”

Ставот (4) се менува и гласи:

“(4) Во согласност со ставот (3) од овој член, акционерското друштво веднаш, но не подоцна од три работни дена го објавува настанувањето на следните околности:

а) стекнување или отуѓување на над 5% од средствата на акционерското друштво;

б) промена на овластен ревизор;

в) оставка и разрешување на членовите на органите на управување;

г)промена  на член на органите на управување;

д) склучување или раскинување на договори или други правни работи кои влијаат врз работата и исполнувањето на основната дејност на акционерското друштво;

ѓ) секој настан кој може да предизвика ненавремено или предвремено плаќање на финансиските обврски на акционерското друштво;

е)отворање на постапка од надлежен суд за утврдување услови за отворање стечај или ликвидација на акционерското друштво;

ж) отворање на стечај или ликвидација на акционерското друштво;

з)затворање на стечај или ликвидациона постапка и продолжување на работењето на друштвото;

ѕ) неисполнување на обврски врз основа на издадени хартии од вредност од страна на акционерското друштво;

и) сите судски постапки во кои е вклучено акционерското друштво како тужител односно тужена страна, чија вредност изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи;

ј) сите промени на правата што ги носат акциите од ист род;

к) сите засновани залози ( заложно право) врз подвижни ствари, хартии од вредност, побарувања и други права (рачен залог) и врз недвижности (хипотека) чија што вредност, поединечно и/или кумулативно  изнесува најмалку  5%  од вредноста на капиталот на друштвото определена врз основа на последните ревидирани  годишни финансиски извештаи;

л) остварена загуба поголема од 30% од активата на друштвото и

л)намалување на основната главнина под големината утврдена во статутот на друштвото.”

По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

“(5)Комисијата со правилник дополнително пропишува и други ценовно чувствителните информации.

Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите “и доставува на Комисијата копии од сите материјали“ се заменуваат со зборовите “електронски и ги доставува на Комисијата сите материјали”.

## Член 14

Во членот 165, по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

“Комисијата е должна извештаите за сопственоста на лицата од став (1), (2) и (3) на овој член веднаш по нивното добивање да ги објави на нејзината веб страница.“

## Член 15

Во членот 166 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

“Комисијата е должна извештаите за сопственоста на акционерите од став (1), (2) и (3) на овој член веднаш по нивното добивање да ги објави на нејзината веб страница.“

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (5), (6) и (7).

## Член 16

Во членот 166-а после првата реченица се додава нова реченица која гласи:

“Комисијата е должна известувањето за настанатата промена веднаш по добивањето од страна на акционерското друштво да го објави на нејзината веб страница.“

## Член 17

Во членот 167 став (1) точката в) се брише.

Точките г) и д) стануваат точки в) и г).

## Член 18

Членот 176 се менува и гласи:

“(1) На овластен ревизор му се забранува да потпише ревизорски, односно финансиски извештај кој содржи неточни или некомплетни податоци, односно ревизорски или финансиски извештај што предизвикува заблуда, и кој е во спротивност со меѓународните стандарди за финансиско известување и меѓународните стандарди за ревизија.

(2) Во случај на непочитување на одредбата од ставот (1) на овој член, ревизорот ќе одговара за штетата на лице кое претрпело загуба како резултат на неточен и некомлетен ревизорски, односно финансиски извештај, односно ревизорски или финансиски извештај кој предизвикува заблуда.“

## Член 19

Во членот 183, во ставот (3) по точката е) се додава нова точка ж) која гласи:

“ж) не е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци или со парична казна се додека траат правните последици од осудата.“

## Член 20

Во членот 186 во ставот (5) зборовите “ги објавува донесените решенија“ се заменуваат со зборовите “задолжително ги објавува правилниците и донесените решенија“.

## Член 21

Во членот 195 во ставот (2) зборовите “овластеното лице, вработено во Комисијата,“ се заменуваат со зборовите “овластеното лице од страна на Комисијата за хартии од вредност“.

## Член 22

Во членот 211 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

“Со решението од став (1) на овој член, Комисијата определува рок кој не може да биде пократок од шест месеци од одземањето на дозволата за работа, во кој рок брокерот не смее да побара издавање на нова дозвола.“

**Член 23**

Во членот 213 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

“Со решението од став (1) на овој член, Комисијата определува рок кој не може да биде пократок од шест месеци од одземањето на дозволата за работа, во кој рок друштвото за инвестиционо советување односно инвестициониот советник не смее да побара издавање на нова дозвола.“

**Член 24**

Во членот 231, во ставот (1) зборот “работни” се заменува со зборот “календарски”.

**Член 25**

Во членот 232-а, во ставот (1) зборовите “ утврдени во членовите 233, 234, 235, 236, 237, 238, 239, 240, 241, 242, 243, 244 и 245“ се заменуваат со зборовите “ утврдени во членовите 233, 233-а, 234, 234-а, 235, 235-а, 236, 236-а, 237, 238, 238-а, 239, 240, 241, 241-а, 242, 242-а, 242-б, 243, 243-а, 244, 244-а, 244-б, 245, 245-а, 245-б, 245-в, 245-г, 245-д и 245-ѓ“.

**Член 26**

Во членот 232-б, во ставот (1) по точката 3) се додава нова точка 4) која гласи:

“4) ако е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци или со парична казна се додека траат правните последици од осудата;“

**Член 27**

Во членот 232-в ставот (1) се менува и гласи:

“Освен за прекршоците утврдени во членовите 233, 233-а, 234, 234-а, 235, 236, 236-а, 237, 238 став (1) и (2), 239 став (2), 241 став (1) и (2), 241-а, 242, 243 став (1) и (2), 244, 244-а став (1) и (2), 244-б, 245, 245-а , 245-б, 245-в, 245-г, 245-д и 245-ѓ, овластените

лица од страна на Комисијата за хартии од вредност за спроведување надзор, во рамки на своите овластувања, можат на сторителот на прекршокот да му понудат посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.“

**Член 28**

По членот 232-в се додава нов наслов и нов член 232-г кои гласат:

**“Порамнување и платен налог**

**Член 232-г**

(1) За прекршоците утврдени во овој закон овластените лица од страна на Комисијата за хартии од вредност за спроведување на надзор, при констатирање на прекршокот, должни се на сторителот на прекршокот да му предложат постапка на порамнување, пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка.

(2) Постапката за порамнување е задолжителна.

(3) Доколку овластеното лице од страна на Комисијата за хартии од вредност констатира прекршок, должно е да состави записник во кој ќе ги забележи сите битни елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место.

(4)Ако сторителот на прекршокот го признае прекршокот, овластеното лице од страна на Комисијата за хартии од вредност му издава платен налог и тоа дополнително го забележува во записникот од ставот(3) на овој член.

(5)Овластеното лице од страна на Комисијата за хартии од вредност е должно да му понуди на сторителот на прекршокот да го потпише записникот.

(6) Доколку сторителот на прекршокот ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на платниот налог, ќе плати само половина од глобата.

(7) Во постапката која ќе заврши со издавање на платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

(8) По истекот на рокот од осум дена предвиден за плаќање на платниот налог, во случај да не е платен налогот, овластеното лице од страна на Комисијата за хартии од вредност поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисијата.

(9) За поведените постапки за порамнување и исходот од нив, овластеното лице од страна на Комисијата за хартии од вредност е должно да води посебна евиденција.“

**Член 29**

Членот 233 се менува и гласи:

"(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице (акционерско друштво и командитно друштво со акции) издавач на хартии од вредност, ако:

1) не постапува согласно Актот за издавање на хартии од вредност од членот 7 на овој закон;

2) врши издавање, понуда и продажба на хартии од вредност по пат на јавна понуда без претходно одобрение од Комисијата согласно со членот 12 од овој закон;

3) во текот на јавната понуда издавачот ги смени статутот и другите акти кои се однесуваат на правата на сопствениците на хартии од вредност опишани во проспектот согласно со членот 19 став (1) од овој закон;

4) овластениот учесник на пазарот не обезбеди запишувањето на хартиите од вредност да се врши во согласност со овој закон, актот на издавање и со проспектот согласно со член 21 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице - друштво од ставот (1) на овој член."

**Член 30**

По членот 233 се додава нов член 233-а кој гласи:

**"Член 233-а**

(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице (акционерско друштво и командитно друштво со акции) издавач на хартии од вредност, ако:

1) не донесе акт за издавање на хартии од вредност во форма и содржина пропишана од страна на Комисијата согласно со членот 7 од овој закон;

2) постапува спротивно на членот 11 од овој закон;

3) не започне  постапка за запишување и уплата на понудените хартии од вредност согласно со членот 17 од овој закон;

4)поканата за запишување и уплата на хартии од вредност не ја објави  согласно со членот 18 став (1) од овој закон;

5)проспектот и поканата за запишување и уплата на хартиите од вредност не ги објави согласно со членот 18 став (3) од овој закон;

6) не постапи  согласно со членот 19 ставови (2) и (3) од овој закон во случај на измена на условите во текот на јавната понуда;

7)ја рекламира јавната понуда на хартии од вредност спротивно на членот 20 ставови (2) и (3) од овој закон;

8) врши реализација на јавната понуда во рок подолг од 12 месеца согласно со членот 22 од овој закон;

9) постапува спротивно на член 23 став (2) од овој закон;

10) издавачот не ја извести Комисијата и јавноста за затворањето на јавната понуда согласно со член 23 став (3) од овој закон;

11) не ја извести Комисијата за бројот на запишаните и уплатените хартии од вредност и истите не ги објави согласно со членот 24 ставови (1) и (3) од овој закон;

12) акционерското друштво и командитното друштво со акции претходно не ја извести или ненавремено ја извести Комисијата за продажба на сопствени акции и не ја достави одлуката за отуѓување на сопствените акции согласно со членот 25 став (1) од овој закон;

13) не ја извести или ненавремено ја извести Комисијата за понуда чиј износ не изнесува повеќе од 25.000 евра во денарска противвредност, не го достави до Комисијата актот за издавање на хартиите од вредност и не објави соопштение за јавност за ваквата понуда согласно со членот 26 став (2) од овој закон;

14) не ја извести  Комисијата и јавноста за количината на запишаните и уплатените хартии од вредност, во рок од пет работни  дена од завршувањето на приватната понуда согласно со членот 27 став (5) од овој закон;

15) не ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот во рок од три работни дена од денот на уписот на основната главнина во трговскиот регистар согласно со членот  49, став (3) од овој закон;

16) не ги почитува условите за котација на берза согласно член 80, став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице-друштво од ставот (1) на овој член.“

**Член 31**

Членот 234 се менува и гласи:

“(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице-депозитар, ако:

1) не ја одржува вредноста на основната главнина во секое време од своето работење согласно со член 34 став (3) од овој закон;

2)купи или на друг начин стекне или поседува хартии од вредност за сопствена сметка кои се регистрирани во неговиот систем согласно со членот 45 став (1) од овој закон;

3) директорот го пренесе правото на застапување на депозитарот спротивно на член 47-а став (2) од овој закон;

4) во утврдениот рок (задолжително) не формира Гарантен фонд согласно член 66-а став (1) од овој закон;

5) ги користи средствата на Гарантниот фонд спротивно на член 66-а став (3) од овој закон.

(2)Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице- депозитар.

(3) За сторениот прекршок од член 34 став (3), член 45 став (1), член 47-а став (2), член 66-а став (1) и член 66-а став (3) од овој закон, Комисијата може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на одговорното лице во правното лице.“

**Член 32**

По членот 234 се додава нов член 234-а кој гласи:

**“Член 234-а**

(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице-депозитар, ако:

1)се регистрира во трговскиот регистар под името "депозитар на хартии од вредност" и при неговото работење го користи називот "депозитар на хартии од вредност", без претходно добиена дозвола за основање од Комисијата, согласно член 33, став (2) од овој закон;

2) не се исполнат условите од член 36 ставовите (2) и (3) од овој закон;

3) не дозволи на правното лице да стане членка на депозитарот доколку ги исполнува условите утврдени со правилата за членство согласно со членот 38 став (4) од овој закон;

4) не достави податоци до Комисијата кои се однесуваат на уписот на основањето и на уписот на измените во трговскиот регистар во рок од пет работни дена согласно со членот 43-а став (2) од овој закон;

5) доколку се исполнат условите од член 44 од овој закон;

6) ако дозволи да настане состојба од член 45 став (3);

7) не побара согласност од Комисијата согласно со членот 46 од овој закон;

8) не презема мерки и постапува спротивно на членот 48 од овој закон;

9) постапува спротивно на член 48- а од овој закон;

10) отвора сметки спротивно на член 52-б од овој закон;

11) не постапи согласно член 67 од овој закон;

12) не постапи согласно член 70 од овој закон;

13) не постапи согласно член 71 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице- депозитар.“

## Член 33

Во членот 235, во точката 1) зборовите “на членот 52, став (5)“ се заменуваат со зборовите “на членот 52-а, став (2) “.

## Член 34

Во членот 235-а, во ставот (1) зборовите “од 2.500 до 5.000 евра” се заменуваат со зборовите “од 2.000 до 4.000 евра”.

Во ставот (2) зборовите “од 1.000 до 2.000 евра” се заменуваат со зборовите “од 500 до 1.000 евра”.

## Член 35

Членот 236 се менува и гласи:

“(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице - берза, ако:

1) не ја одржува вредноста на основната главнина согласно со член 75, став (3) од овој закон;

2) купува, стекнува или поседува какви било хартии од вредност за сопствена сметка преку трговска трансакција која се врши на таа берза согласно со членот 87 став (1) од овој закон;

3) директорот го пренесе правото на застапување на берза спротивно на член 89-а став (2) од овој закон.

(2)Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице- берза.

(3) За сторениот прекршок од член 75 став (3), член 87 став (1) и член 89-а став (2) од овој закон, Комисијата може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на одговорното лице во правното лице-берза.”

## Член 36

По членот 236 се додава нов член 236-а кој гласи:

## “Член 236-а

(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице - берза, ако:

1)се регистрира во трговскиот регистар под името "берза на хартии од вредност" и при неговото работење го користи називот "берза на хартии од вредност", без предходно добиена дозвола за основање од Комисијата, согласно со членот 74, став (2) од овој закон;

2) не се исполнат условите од член 77 ставовите (2) и (3) од овој закон;

3) не дозволи на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност да стане членка на берзата доколку ги исполнува условите утврдени со нејзините правила за членство согласно со членот 79 став (3) од овој закон;

4)не презема мерки за заштита на информатичкиот систем и постапува спротивно на членот 84 од овој закон;

5) не достави податоци до Комисијата кои се однесуваат на уписот на основањето и на уписот на измените во трговскиот регистар во рок од пет работни дена согласно со членот 86-а став (2) од овој закон;

6)ако дозволи да настане состојба од член 87 став (3);

7) постапува спротивно на член 87- а од овој закон;

8) не побара согласност од Комисијата согласно на членот 88, став (1) на овој закон;

9) не постапи согласно член 91 став(1) од овој закон;

10) не постапи согласно член 92 став(1) од овој закон;

11) не постапи согласно член 93 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице- берза.“

**Член 37**

Во членот 237 зборовите "од 500 до 1.000 евра" се заменуваат со зборовите "од 100 до 500 евра".

**Член 38**

Членот 238 се менува и гласи:

"(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на брокерска куќа, ако:

1) неовластено врши услуги со хартии од вредност спротивно на членот 96 од овој закон;

2) работите од членот 112 став (1) на овој закон ги вршат неовластени брокери без дозвола за работа со хартии од вредност издадена од Комисијата.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во брокерската куќа.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на брокерот во брокерската куќа.

(4) За сторениот прекршок од член 96 и член 112 став (1) од овој закон, Комисијата може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на одговорното лице во правното лице-брокерска куќа."

**Член 39**

По членот 238 се додава нов член 238-а кој гласи:

**"Член 238-а**

(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на брокерска куќа, ако:

1) изврши порамнување на трговска трансакција со хартии од вредност, подоцна од три работни дена од денот на склучувањето на трансакцијата согласно член 64 од овој закон;

2)висината на основната главнина не ја одржува во секое време согласно со членот 99 од овој закон;

3) износот на сопствените средства не го одржува согласно со членот 100 став (1) од овој закон;

4) во случај кога износот на сопствените средства падне под минималниот износ утврден во членот 99 од овој закон и по налог на Комисијата не се усогласи со законот во одреден рок  кој ќе биде утврден согласно со член 100 став (2) од овој закон;

5) директорот го пренесе правото на застапување на брокерската куќа спротивно на член 101-а став (2) од овој закон;

6) врши распределба на добивка како дивиденда спротивно на членот 103 од овој закон;

7) не ја информира Комисијата за настанатите промени согласно членот 104 став (2) од овој закон;

8) не постапува согласно член 108, став (2) и (3) од овој закон;

9) не ја извести Комисијата согласно со членот 109 став (2) од овој закон;

10) брокер вработен во брокерската куќа при своето работење не постапува согласно член 115;

11) не се придржува кон обврските од членот 116 на овој закон;

12) не го извести клиентот согласно со  членот 117 став (2) од овој закон;

13) не ги извести клиентите согласно со  членот 118 став (1) од овој закон;

14)не ја води книгата на налози согласно со членот 121 од овој закон;

15)постапува спротивно на член 122 од овој закон;

16) постапува спротивно на член 123 од овој закон;

17) не му достави на клиентот извештај за склучување и порамнување на секоја трансакција согласно со членот 124 став (1) од овој закон;

18) не води евиденција и не ги чува сите документи согласно со членот 125 од овој закон;

19) постапува спротивно на член 125- а од овој закон;

20) не склучи договор во писмена форма со клиентот согласно со членот 126 од овој закон;

21)не ја води сметководствената евиденција во согласност со член 127 од овој закон;

22) не достави до Комисијата текст на која било предлог на реклама пред таа да биде објавена согласно со членот 128 став (3) од овој закон;

23) управува со портфолио без претходно склучен договор со клиентот согласно член 129 од овој закон;

24)не постапи согласно член 129-а ставови (1) и (2) од овој закон;

25) не му издаде известување на клиентот за состојбата на средствата на неговата сметка согласно член 129-а став (4);

26) е одговорна за штетата која е предизвикана на клиентот со сторување или несторување на дејствија од страна на брокерот или инвестициониот советник вработен во брокерската куќа согласно член 130 од овој закон;

27)не постапува согласно член 131 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во брокерската куќа.

(3) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на брокерот во брокерската куќа."

**Член 40**

Во членот 240, во ставот (1) зборовите "од 500 до 1.000 евра" се заменуваат со зборовите "од 100 до 500 евра".

**Член 41**

Членот 241 се менува и гласи:

"(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото за инвестиционо советување, ако:

1)дава услуги за инвестиционо советување без претходно добиена дозвола од Комисијата согласно член 148 став (3) од овој закон ;

2) не одржува основна главнина утврдена согласно со членот 149 став (1) од овој закон;

3) во секое време не располага со ликвидни средства согласно со членот 149 став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото за инвестиционо советување.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице кое врши услуги поврзани со инвестиционо советување без положен стручен испит за инвестиционо советување организиран од Комисијата согласно член 150 од овој закон."

**Член 42**

Во членот 241-а, во ставот (1) зборовите "од 2.500 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите "од 2.000 до 4.000 евра".

Во ставот (2) зборовите "од 1.000 до 2.000 евра" се заменуваат со зборовите "од 500 до 1.000 евра".

**Член 43**

Членот 242 се менува и гласи:

"(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на акционерското друштво со посебни обврски за известување, ако претседателот на одборот на директори, претседателот на управниот одбор и директорот на акционерското друштво потпишат извештаи од членовите 154, 155, 156, 157 и 158 на овој закон со невистинита содржина или извештаи со неточни податоци согласно член 164 од овој закон.

(2)Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 44**

По членот 242 се додаваат два нови члена 242-а и 242-б кои гласат:

**“Член 242-а**

(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на акционерското друштво со посебни обврски за известување, ако:

1) не достави до Комисијата ревидиран годишен извештај согласно со членот 154 став (1) од овој закон;

2) не објави резиме на годишниот извештај согласно со членот 155 став (1) од овој закон;

3) не достави до Комисијата полугодишен извештај согласно со членот 156 од овој закон;

4) не достави до Комисијата тримесечни финансиски извештаи согласно со членот 157 став (1) од овој закон;

5) не ги достави до Комисијата извештаите подготвени од страна на извршните членови на одборот на директори или управниот одбор согласно со членот 158 од овој закон;

6)не достави до Комисијата примерок од својот годишен, полугодишен, тримесечен и тековен извештај согласно со членот 160 став (1) од овој закон;

7) лицето кое е назначено за член на надзорен, управен одбор или одбор на директори на акционерско друштво не ја извести Комисијата и акционерското друштво согласно со членот 165 од овој закон;

8) не постапи согласно член 166 ставови (1), (2) и (3) од овој закон;

9) не постапи согласно член 166-а од овој закон.

(2)Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

**Член 242-б**

(1)Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на акционерските друштва и другите правни лица – издавачи на хартии од вредност, чии хартии од вредност не котираат на берза и не се водат

во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување, доколку не постапат согласно со членот 166-б од овој закон.

(2)Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 45**

Членот 243 се менува и гласи:

"(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност или друго правно лице во работењето со хартии од вредност, ако:

1) постапува спротивно на одредбите од член 169 од овој закон;

2)ако постапи спротивно на забраните од член 170 од овој закон;

3) шири неточни информации преку медиумите вклучувајќи го и интернетот, предвидени во членот 171 став (1) од овој закон;

4) при купувањето или продавањето на хартии од вредност се служи со манипулативни и измамнички дејствија согласно со членот 172 од овој закон;

5) врз основа на внатрешни информации купува или продава хартии од вредност спротивно на членот 173 став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) За сторениот прекршок од член 170 и член 172 од овој закон, Комисијата може да му изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на одговорното лице во правното лице."

**Член 46**

По членот 243 се додава нов член 243-а кој гласи:

**“Член 243-а**

(1) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност ако не постапува согласно прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од член 180-а од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.“

**Член 47**

Членот 244 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на физички лица, акционери, членови на управен одбор, надзорен одбор и членови на одборот на директори, вработени или надворешни соработници кои при извршување на професионалните задачи имаат пристап до внатрешни информации, ако постапат спротивно на членот 173 став (1) и (2) од овој закон.”

**Член 48**

По членот 244 се додаваат два нови члена 244-а и 244-б кои гласат:

**“Член 244-а**

(1)Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице од член 175 став (1) ако не постапи согласно со член 175, став (2) од овој закон.

(2)Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3)Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице од член 175 став (1) ако не постапи согласно со член 175, став (2) од овој закон.

**Член 244-б**

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластен ревизор ако постапува спротивно на членот 176 став (1) од овој закон.”

**Член 49**

Во членот 245 зборовите “од 1.000 до 2.000 евра” се заменуваат со зборовите “од 500 до 1.000 евра”.

**Член 50**

Во членот 245-а зборовите “од 7.500 до 15.000 евра“ се заменуваат со зборовите “од 4.000 до 5.000 евра“

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

“(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.”

**Член 51**

Во членот 245-б зборовите “од 2.500 до 5.000 евра“ се заменуваат со зборовите “од 2.000 до 4.000 евра“

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

“(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од став (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.”

**Член 52**

Во членот 245-в зборовите “од 3.500 до 7.000 евра” се заменуваат со зборовите “од 500 до 1.000 евра”.

**Член 53**

Во членот 245-г зборовите "од 750 до 1.500 евра" се заменуваат со зборовите "од 100 до 500 евра".

**Член 54**

Во членот 245-д зборовите "од 7.500 до 15.000 евра" се заменуваат со зборовите "од 2.000 до 4.000 евра".

**Член 55**

По членот 245-ѓ, се додаваат два нови наслова и два нови члена 245-е и 245-ж кои гласат:

**"Застареност на поведување и водење на прекршочна постапка**

**Член 245-е**

(1) Прекршочна постапка не може да се поведе по истекот на две години од денот кога е сторен прекршокот.

(2) Прекршочна постапка не може да се води по истекот на три години од денот кога е сторен прекршокот.

(3) Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

(4) Застарувањето не тече за времето за кое според законот гонење не може да започне или да продолжи.

(5) Застарувањето се прекинува со секое процесно дејствие што се презема заради гонење на сторителот на прекршокот.

(6) Застарувањето се прекинува и кога сторителот во времето додека тече рокот на застареноста стори, исто така, тежок или потежок прекршок.

(7) По секој прекин застарувањето започнува повторно да тече.

(8) Застареност на прекршочното гонење настанува во секој случај по истекот на четири години од денот кога е сторен прекршокот.

**Застареност на извршувањето на прекршочните санкции**

**Член 245-ж**

(1) Изречената прекршочна санкција не може да се изврши ако од денот на правосилноста на одлуката за прекршокот помине една година.

(2) Застарувањето на извршување на прекршочната санкција започнува да тече од денот кога одлуката за прекршокот станала правосилна.

(3) Застарувањето не тече за времето за кое извршувањето не може да се преземе според закон.

(4) Застарувањето се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган што се презема заради извршување на прекршочната санкција.

(5) По секој прекин застарувањето почнува повторно да тече.

(6) Застареност на прекршочната санкција настанува во секој случај по истекот на две години од денот на правосилноста на одлуката за прекршокот."

**Член 56**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за хартии од вредност.

**Член 57**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија."

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. Објаснување на содржината на одредбите на предлогот на законот

Причините за донесување на Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност произлегуваат од потребата за унапредување на казнената политика во Република Македонија, како и потребата од натамошно подобрување на текстот на постојниот закон.

Со членовите 1 и 2 од Предлогот се врши измена на членовите 9 и 25 од постојниот Закон во кој е уредена продажбата на сопствените акции. Притоа со измената е предвидено продажбата на сопствените акции да се врши само по пат на јавна понуда што ќе овозможи зголемена транспарентност при продажбата односно ќе се овозможи сите заинтересирани инвеститори да бидат во рамноправна положба при купување на сопствени акции. Исто така со членот 3 од Предлог на законот се уредува дека при продажбата на сопствени акции нивната продажна вредност не смее да биде помала од нивната номинална вредност што е во согласност и со Законот за трговските друштва во кој е уредено дека се забранува издавање на нови акции под нивната номинална вредност.

Со членот 3 од Предлогот се врши дополнување во членот 27 од постојниот Закон во кој е уредена приватната понуда со тоа што се додава уште еден нов случај во кој акционерските друштва ќе може да издаваат хартии од вредност по пат на приватна понуда и тоа, и во случај на условно зголемување на основната главнина на акционерското друштво. Со Законот за трговски друштва е регулирана постапката на условно зголемување на основната главнина на друштвата (остварување на правото на конверзија на конвертибилните обврзници во акции, присоединување на едно друштво кон друго и остварување на право на акции на вработените и членовите на органот на управување). Акциите кои се издаваат во постапката на условно зголемување на основната главнина се издаваат на однапред дефинирани лица според однапред дефинирани услови со одредени дејствија и акти кои претходат на одлуката за емисија на акциите. Имајќи ја во предвид специфичноста на условното зголемување на основната главнина и фактот што тоа се врши исклучиво во претходно наведените случаи, акциите што се издаваат во постапка на условно зголемување на основна главнина не би можело да се реализира преку јавна понуда на хартии од вредност. Поради тоа, со измената се предлага условното зголемување на основната главнина да биде опфатено како случај во рамки на постапката за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда.

Со членовите 5 и 9 од Предлогот на Законот се додаваат нови членови 43-а и 86-а со кои се пропишува обврска на депозитарот односно берзата за доставување на податоци до Комисијата кои се однесуваат на нивниот упис во

трговскиот регистар, како и за сите настанати измени во трговскиот регистар. Целта на ваквата измена е Комисијата да добие податоци за регистрација на субјектот во Централниот Регистар на Република Македонија и сите настанати промени во регистарот.

Со членовите 4, 6, 8, 10, 11, 12, 19 и 26 од Предлогот на Законот се вршат корекции во членовите 36, 47, 77, 89, 101, 112, 183 и 232-б од постојниот Закон кои произлегуваат од донесените Одлуки на Уставен суд со кои се укинуваат одделни ставови и алинеи од овие членови. Ваквите корекции се од технички карактер како и заради преформулирање на дел од укинатите одредби согласно насоките на Уставниот суд.

Со членот 13 од Предлогот на Законот се врши дополнување во членот 158 од постојниот закон со тоа што се пропишува обврска акционерските друштва до Комисијата за хартии од вредност да ги доставуваат ценовно чувствителните информации заради нивно објавување од страна на Комисијата што не беше случај до сега со цел поголема достапност на широката јавност до овие битни информации, а не да се доставуваат до Комисијата само за нејзини потреби. Исто така, се врши дополнување на видовите на ценовно чувствителните информации и со други видови на ценовно чувствителни информации за кои се оценува дека акционерските друштво е потребно да ги објават и да ги направат достапни за широката јавност. Целта на ваквата измена е да се обезбеди јасно, конзистентно и целосно дефинирање на видовите ценовно чувствителни информации, како и заради усогласување со видовите на ценовно чувствителни информации пропишани во Правилникот на Комисијата. Заради поедноставување и поголема ефикасност при објавата на сите материјали што им се доставени на акционерите при свикување на седниците на собранијата на акционери, се предвидува нивно доставување по електронски пат, со што воедно се врши и усогласување со измените на Законот за трговски друштва со кои се воведе обврска на задолжително објавување на материјали за акционерско собрание на веб страницата на друштвата која ќе започне да се применува од 01.01.2011 година.

Со членовите 14, 15 и 16 од Предлогот на законот се врши измена во членовите 165, 166 и 166-а од постојниот закон во кои се уредува доставувањето на извештаите за сопственост од страна на член на надзорен, управен одбор или одбор на директори на акционерските друштва и за правно или физичко лице кое директно или индиректно поседува над 5% од акциите издадени од едно акционерско друштво. Притоа се воведува обврска за доставување на овие извештаи до Комисијата не само заради нејзините потреби во постапката на контрола и надзор, туку и заради нивно објавување. Целта на ваквата измена е овие извештаи да се направат достапни и за широката јавност.

Со членот 18 од Предлогот на законот се врши промена на член 176 од постојниот закон заради потребата од усогласување со член 25 став 2 од Законот за ревизија кој се однесува на обврската за примена на ревозорските стандарди.

Со членот 20 од Предлогот на законот се врши измена на член 186 од постојниот закон односно обврската на Комисијата за објавување на донесените решенија се дополнува и со задолжителна обврска за објавување и на правилниците кои ги донесува Комисијата во "Службен весник на Република Македонија". Ваквата измена се предлага заради појасно дефинирање на обврската за објавување на актите кои ги донесува Комисијата за хартии од вредност.

Со членовите 22 и 23 од Предлогот на законот се воведуваат нови ставови во членовите 211 и 213 од основниот закон со кои се уредува дека доколку Комисијата за хартии од вредност донесе решение за одземање на дозволата за работа на овластен брокер и друштво за инвестиционо советување, односно инвестиционоит советник во решението ќе мора да определи рок кој не смее да биде помал од шест месеци, во кој рок брокерот, друштво за инвестиционо советување, односно инвестициониот советник , нема да има право да побара да му биде издадена нова дозвола за работење. Доколку не се воведе ваков рок, мерката одземање на дозвола губи од своето значење, односно истата може да биде девалвирана со тоа што санкционираниот брокер и друштвото за инвестиционо советување односно инвестициониот советник може веднаш по изрекување на мерка одземање на дозвола за работа да побара издавање на нова дозвола и веднаш да продолжи со извршување на својата професија иако направил прекршок со кој нарушил некои значајни одредби од Законот за хартии од вредност и предизвикал материјални штети на правно или физичко лице учесници на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија.

Со членот 24 од Предлогот на законот се менува членот 231 од постојниот закон во кој е уредено правото на жалба против решенијата донесени од страна на Комисијата за хартии од вредност. Притоа се предлага рокот за доставување на жалба против решенијата донесени од страна на Комисијата за хартии од вредност, наместо во работни да се определува во календарски денови. Ваквата измена е во насока на усогласување на Законот за хартии од вредност со Законот за општа управна постапка.

Со членот 28 од Предлогот на законот се додава нов член 232-г со кој се воведува Постапка на порамнување и платен налог која и претходи на прекршочната постапка согласно Законот за прекршоци. Воведувањето на членот со кој се уредува постапка на порамнување и платен налог ќе придонесе за намалување на бројот на покренати прекршочни постапки од страна на

Комисијата за хартии од вредност против прекршувачите на одредбите од Законот за хартии од вредност. Имено Комисијата за хартии од вредност со воведувањето на постапката за порамнување, во случај кога ќе утврди направен прекршок, на сторителот на прекршокот ќе може да му предложи постапка за порамнување, односно доколку се согласи со оваа постапка за порамнување сторителот на прекршокот ќе треба да го потпише записникот за констатираниот прекршок составен од страна на овластено лице од Комисијата. Согласно ставот 6 од членот за Порамнување и платен налог сторителот на прекршокот ќе треба да ја плати глобата за настанатиот прекршок во рок од осум дена со што се избегнува плаќање на дополнителни трошоци за покренување на прекршочна постапка, а истовремено му се дава и можност на сторителот на прекршокот да плати само половина од глобата.

Со членовите од 29 до 54 се менуваат прекршочните одредби од аспект на висината на глобите и за најтешките прекршоци се предвидува воведување на дополнителна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на одговорното лице во правното лице. Притоа се предвидува рангирање на прекршоците во две групи и тоа прекршоци од втор ранг за кои е предвидена средна глоба и прекршоци од трет ранг за кои е предвидена висока глоба. Кај прекршоците кои се рангирани во групата на прекршоци од втор ранг, односно прекршоци со средна висина на глоба, се врши намалување на износот на глобата од постојните 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност на 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за правни лица, односно од постојните 500 до 1.000 евра во денарска противвредност на 100 до 500 евра во денарска противвредност за физички лица. За прекршоците од трет ранг кои се однесуваат на активности кои може да предизвикаат дестабилизација на пазарот на хартии од вредност предвидена е глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра за правни лица, односно 500 до 1.000 евра за физички лица. Соодветно се врши и намалување на глобите што се изрекуваат на одговорните лица во правните лица. Согласно измените за одговорните лица во правните лица, за прекршоците од втор ранг се предвидува глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност, а за прекршоците од трет ранг глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност. Понатаму со измената за некои од прекршоците од трет ранг кои се третираат како потешки прекршоци, покрај глоба е предвидено и изрекување на прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на одговорното лице во правното лице. Исто така, со измената на законот се воведуваат и нови прекршоци за кои постои основ за казнување, а истите не биле предвидени во постојниот закон.

Со членот 55 од Предлог текстот на законот се воведуваат два нови члена со кои се воведува застареност на прекршоците и застареност на извршувањето на прекршочните санкции согласно Законот за прекршоци, од причина што истите не се предвидени во постојниот закон. Така со членот 245-е од предлог текстот на законот е уредено дека прекршочната постапка не може да се поведе, ниту да се води ако поминат две години односно три години од денот кога е сторен прекршокот, а со член 245-ж е уредено дека изречената прекршочна санкција не може да се изврши ако од денот на правосилноста на одлуката за прекршокот помине една година.

## II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Предложените решенија во законот се меѓусебно поврзани и како такви применливи во пракса.

## III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со донесувањето на Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност се постигнуваат целите за унапредување на казнената политика